# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Осумнаесеттата седница на Собранието
## на Република Македонија,
## одржана на 29 април 1999 година

Седницата се одржа во Големата сала на Владата на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осуманесеттата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Илија Георгиев, Никола Поповски, Слободан

Гарчевски и Томислав Стојановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на РМ г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ.

Записниците од 12-тата, 13-тата, 16-тата и 17-тата седница на Собранието на РМ ви се доставени.

Дали има некои забелешки на записниците?

Нема.

Констатирам дека записниците од 12-тата, 13-тата, 16-тата и 17-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува.

Според тоа, констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државен капитал во претпријатијата, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа сендница.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собраниетс на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, со предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува.

Констатирма дека Предлогот е усвоен.

Оваа седница, господа пратеници, ја свикав по барање на Владата на РМ за разгледување во скратени рокови на трите предлози на закони и затоа молам да не се дополнува дневниот ред за оваа седница и истовремено ја закажав и наредната Деветнаесетта седница за 19 мај.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, со Предлог на закон .

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, со

Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на пред-ложениот дневен ред.

Има збор г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, се извинувам што се јавив за збор после интервенцијата на претседателот на Собранието, меѓутоа замолен сум од избирачкото тело во Охрид да го замолам Парламентот на денешната седница да донесе заклучок, да ја задолжи Владата односно ресорното Министерство за образование да ми достави итно информација што станува со оние македонски студенти што се вратија од Белград поради настанатата воена ситуација на тоа под-рачје. Навистина, и од овде треба да произлезат едни препораки до Владата под итно да го реши тоа круцијално прашање, бидејќи неумесно и невкусно е децата што се враќаат од Белград поради настанатата ситуација да стојат во еден вакум овде, да незнаат дали ќе се запишат на нашите факултети, а се работи за една бројка мислам од 100-тина души што се вратени или на некој начин ќе бидат мобилизирани, носени по границите веднаш после враќањето од Белград. Се работи за еден круцијален проблем и на денешната седница мислам како последна точка да се стави на дневен ред министерот за образование итно да даде информација до Парламентот и Парламентот да и препорача на Владата под итно да донесе одлука да ги запише и тие деца на нашите високо-школски ус-танови.

За ваше потсетување да кажам дека Бугарската Влада во сре-дата кога започнаа нападите во Белград, другиот ден, истиот ден реа-гираше, дури и од Скопскиот универзитет си ги повлече своите студенти и ги запиша во Софија. А ние незнам зошто досега чекаме, и покрај оваг доста комплицирана ситуација што ја имаме во државата, отвораме уште вака битно прашање по мене и би го молел Парламентот да се стави оваа точка на дневен ред и да ја задолжиме Владата до идната седница да не извести што направила по ова битно прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе во врска со барањето за подготвување на информација.

Има збор г-динот Ламбе Арнаудов, заменик министер за стопанство.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Оваа несакана состојба што ја имаме сега во РМ е позната на Владата и на утрешната седница ќе се разгледува ова и ќе се донесат конкретни заклучоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот инсистира Владата да подготви посебна инфор-мација или оперативно да преземе активности?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** ( од место )

Оперативно да преземе активности и да не информира што презела.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И на следната седница да добиеме информација.

Добро, можеме така да прифатиме.

Г-динот пратеник Љупчо Анушев побара збор.

Деловнички или пратнеичко прашање? Да ги оставиме за следниот пат на 19 мај ќе имаме прва точка пратенички прашања.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас се извинувам, но кога сме веќе кај студентите, да кажеме дека имаме наши граѓани кои работеа на Косово. Тоа се високо школски кадри, доктори, технолози, кои мораа сега да се повлечат во нашата Република. Тие не се ни социјално осигурани, тие и нивните фамилии. Имаат барање до Министерството за здравство, но тоа не е решено.

Јас би сакал ако може на утрешната седница на Владата да се разгледа тоа прашање за да може да се обезбеди социјална и здравствена заштита.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по ова прашање.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Бидејќи ова е скоро иста состојба што ја имаме, мислам дека на следната седница на Владата и ова прашање ќе биде разгледано. Без оглед на тоа, со тие луѓе веќе имаме контакти и некои работи што беа од итен карактер се завршени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, останува и овде на наредната седница да добиеме информација и за овие луѓе односно за нивното здравствено осигурување и другите прашања што произлегуваат од работниот однос.

Дали уште некој бара збор во врска со

дневниот ред.

Има збор г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,

Го почитувам тоа што во името на Парламентарната група го рековте дека нетреба да се дополни дневниот ред, да се оди со ова што е предложено, затоа што веќе најавивте и наредна седница.

Мегутоа, кога веќе се прифаќа да се подготви таква информација во врска со студентите, вработените и тн. во СРЈ, тогаш мислам дека треба да се дополни со тоа што студенти од РМ немавме само во Белград, студенти имаше и на Универзитетот во Приштина. Има и други универзитети. Г-динот Илоски кога го постави прашањето, односно побара информација, информацијата треба да опфати и се што е во врска со сту-дентите кои беа и на Приштинскиот универзитет да се опфатат тука и на другите универзитети.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека информацијата се однесува воопшто за студентите и нашите граѓани кои се од СРЈ , а тука се сите универзитети, и Крагуевскиот, и Нишкиот и тн. Според тоа таа информација ќе биде целосна информација и мислам дека ќе биде вградена во одлуките на утрешната седница на Владата.

Дали има уште некој кој би сакал да се произнесе во врска со дневниот ред?

Ако нема, а негледам дека има, тогаш кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака.

88 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува.

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точка од дневниот ред-Предлог за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон и извештаите на работните тела со Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор побара министерот за финансии, г-динот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа,

Пред вас е еден закон, морам да кажам дека тоа е еден од базичните закони за економскиот систем на нашата држава. Вршиме измени и дополнувања на тој закон затоа што на тој начин сакаме да го забрзаме процесот на приватизација во Македонија. Да го забрзаме процесот на приватизација во Македонија заради тоа што определбата на оваа Влада е да продолжи со макроекономската стабилност, да продолжи со структурните реформи и да ги создади сите услови за економскиот растна Македонија.

Предложивме измени и дополнувања на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал заради тоа што некои одредби од тој закон ја попречуваа брзата приватизација на претпријатијата, затоа што тој закон беше пред се модел на приватизација и т.н. затворен модел на приватизација затоа што најголеми толкувачи на претпријатија можеа да бидат или беа само вработени во претпријатијата а тоа не дозволуваше во приватизацијата на претпријатијата да уечствуваат и други надворешни лица, тоа се други граѓани на Македонија или странски граѓани и претпријатија. Вршиме измени на законот затоа што тој Закон спречи влез на странски инвестиции во Македонија, затоа што странските инвестиции некако и не можеа да учествуваат во процесот на приватизацијата на претпријатијата. Сакаме да ја изврши-ме измената на тој закон затоа што тој закон форсираше повеќе непла-тена отколку платена приватизација, затоа што најголемиот дел од приватизацијата се изврши по пат на отплата на акции на долг времен-ски период, многу малку се употребуваат кеш пари, односно многу малку се употребуваа ефективни средства, се употребуваа средства со заробени девизни штедни влогови, мегутоа, знаете дека тука имаше одредени неправилности и шпекулации. Сакаме да се изврши измената на тој закон затоа што, иако неговата намера беше да создаде ефикасно менаџерство, тој тоа не го направи, затоа што знаете дека најголемиот дел од претпријатијата во Македонија останаа кај старите менаџери, а тие стари менаџери почнаа да работат исто како што работеа и пред приватизацијата. Така што тој закон не

обезбеди ефикасно управување со капиталот. Праксата покажува дека најголемиот број на претпријатијата кои се приватизирани работат со загуба, а тоа покажува дека ефикасноста на користењето на капиталот е незголемена, туку напротив намалена. Сакаме да извршиме измени на законот затоа што и одговорноста на сопствениците на претпријатијата, а најголемиот дел односно повеќето се менаџери, немаат одногорност и не е утврдена одговорноста за ште-тите кои се прават во претпријатијата, а тие се штети, загуби или се неутврдени штети.

Сакавме да извршиме измена на законот затоа што голем број претпријатија кои се приватизирани, кај нив исплатата на личниот доход наместо да се подобрува, исплатата на личниот доход во тие претпријатија се намалува. Сакаме да извршиме измена на тој закон затоа што тој не создаде прецизна контрола на приватизацијата, затоа што имаше определен орган за приватизација, меѓутоа, праксата покажа дека тој орган за приватизација досега, значи за последните пет години не извршил ниедна контрола, ниту некоја приватизација е поништена, иако праксата покажува дека има голем број неправилности во практичната примена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Сакаме да извршиме измена на тој закон затоа што сакаме да прецизираме како ќе се надоместува штетата во случај кога се направени штети во тие претпријатија.

На крајот, сакаме да го забрзаме процесот на приватизацијата односно да дадеме на одредени органи на државата, во одредени услови, за претпријатија за кои имаме однапред потврдени односно имаме заинтересирани странски инвеститори да ги купат тие претпријатија со непос-редна спогодба да се продадат тие претпријатија на странски инвеститори со што ќе се зголеми толку болниот проблем во Македонија за влез на странски инвестиции за развој на нашата економија.

Можеби некои решенија кои исто така се дадени за тој закон ние ги прецизиравме. Централното прашање е следното. Ако некој во некое претпријатие направи загуба, а загубите се веќе - 70% од претпријатијата кои работат со загуба, тие се обични загуби, не се покриваат. Или ќе се утврдува одговорноста за тие претпријатија кои ги направиле загубите. Тоа прашање беше начнато со Законот, не го нач-нуваме ние, и со стариот Закон беше начнато тоа прашање, меѓутоа, не беше јасно и прецизно дефинирано кој ќе ја сноси штетата. Дефинитивно тоа прашање го прецизиравме и рековме дека со Законот, во случај на загуби и во случај на штети мора некој да заложи свој имот - главните носители, менаџери кои ја водат фирмата и со тој свој имот да ја покријат штетата направена во претпријатието, затоа што со загубата на претпријатијата тој имот ќе биде во висината на акциите кои ги имаат овие претпријатија. Исто така, има предлози ако таа штета не се надоместува, да има и интервенции по прописи за измена на менаџерството во тие претпријатија.

Второ, сакавме да се изврши контрола на приватизацијата затоа што - го потенцирав тоа прашање дека ниеден орган тоа не го направил. Се постави прашање дали таа контрола треба да ја врши Управата за приходи, дали таа контрола треба да ја врши Агенцијата за приватизација на претпријатијата, дали таа контрола треба да ја врши некој друг орган. Се судривме со тој проблем на контролата и утврдивме дека таа контрола треба и може да ја врши Министерството за финансии или орган кој ќе го овласти Министерството за финансии за контрола на приватизацијата.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Значи морам да бидам тука многу подециден контрола на примена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на приватизацијата. Односно сакаме со тој закон да задржиме еден правилен континуитет, она што е донесено да се признава, ако е приватизацијата вршена, мимо, односно спротивно на Законот тоа да се исправи и на тој начин да го задржиме процесот на приватизација во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии господинот Борис Стојменов за воведното излагање, во врска со Предлогот за донесување на овој закон.

Продолжуваме со претресот.

Дали некој друг бара збор?

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Во име на пратеничката група на СДСМ, сакам да Ве информирам дека ќе гласаме за донесување на трите закони и тоа Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за државниот капитал и Законот за

трансформација на задругите и претпријатијата со општествен капитал.

Оваа наша определба е бидејќи се задржува основниот концепт на Законот за приватизација, се овозможува забрзување на приватизацијата и се усогласува со Законот за трговските друштва. Би рекол, сите овие измени на некој начин и подолго време беа припремени во Агенцијата за приватизација. Меѓутоа, да речам, со дел на одговорот на министерот не можам да се согласам, прво тргна со прашањето дека се прават шпекулации со девизните штедни влогови и дека со новиот закон нема да се прават. Решенијата се исти, како во стариот така и со измените во тој дел, према тоа, ако се правеле шпекулации порано, ќе се прават и сега шпекулации, не знам како до тоа министерот дошол до сознание.

Второ, дека менаџерските тимови се истите и сега ќе се менуваат, незнам како ќе се менуваат, бидејќи решенијата во Законот се исти во тој дел, како и порано. Би рекол, добро е што Владата го прифати постојниот концепт за приватизација, но сега тука треба да се запрашаме каде се ветувањата на коалицијата за промени. Дали ова значи дека во времето на изборите, ветувањата беа само да се добијат гласовите, или ветувањата беа од недоволно познавање од овој процес на приватизација.

Ќе наведам неколку ветувања на коалицијата за промени кои со овој закон се решаваат спротивно од ветувањата. И тоа, прво, се ветуваше дека на лицата кои не учествуваа во приватизацијата, кои се буџетски корисници, како полицијата, војската, администрацијатс здравството, школството итн. ќе им се издадат акции, со овие измени тоа не се прави, веројатно и ова е исто така, како ветувањето за зголемувањето на 8%, како и ветувањата за исплатата на истите на заробените девизни влогови на граѓаните, исплатата на влоговите на граѓаните од пропаднатите штедилници, зголемувањето на платите на полицијата, војската и тн. Буџетот го донесовме, во Буџетот овие позиции не се внесени, а и во овој Закон базичен закон за економската политика исто така не се внесени.

Второ, цената на претпријатијата во приватизацијата. Во предизборниот период и за време на изборите постојано се крити куваше дека претпријатијата се продаваат бесценето. Што се случува сега, со измените на законот. На утврдената цена со извршената проценка на цената извршена во периодот на претходната власт се одобруваат попусти од 50%. Значи ли тоа дека актуелната власт дошла до сознание дека претходната власт претпријатијата ги прода-вала скапо и сега ја намалува цената за 50%. Веројатно е така, затоа што друг одговор нема, и се што се пропагираше кај народот за време на изборите од страна на коалицијата за промени, значи не било точно.

Транспаретност во продажбата.

Со новото решение воведување на непосредната спогодба за продажба на претпријатијата со државниот капитал се воведува, едно би рекол многу опасно решение за партиско инволвирање во приватизацијата и злоупотреба на власта за остварување на лични и тесно партиски цели. Целосно се губи транспарентноста на приватизацијата, односно на државниот капитал. Со ова решение транспарентноста се враќа за пет чекори назад. А заложбата на коалицијата за промени за време на изборите беше продажбата на претпријатијата да се врши со јавни тендери, со право на учество на домашни, странски и правни физички лица. Просто човек да се замисли како коалицијата за промени не успеа ниту едно од ветувањата да го спроведе во законот. Не знам дали немала војла, или пак сето тоа се прави со друга намера.

Четвртото, Комисијата на владата за приватизација. И сега заправо, постои комисија, меѓутоа, таа е во составот на Агенцијата и таа вклучува доста стручни луѓе надвор од власта. Сега се определува да се формира комисија во Владата и да не се вклучуваат во комисијата на Владата истакнати стручњаци. Како да се разере тоа? Дали министрите се толку многу стручни, па не им треба друга стручна помош, или пак се плашат од тоа ако учествуваат стручњаци, потешко ќе можат да ги реализираат своите цели. Трето, незнам, што би можело да биде.

Исто така, мислам дека премногу големи овластувања и се даваат на Комисијата и се доаѓа во ситуација како "кадија те суди, кадија те тужи",или обратно. Еве на што мислам. Комисијата го предлага начинот на продажба на акциите и уделите и тоа дали да се оди на берза, или непотребно спогодување. А во исто време истата комисија води преговори со заинтересирани стратешки партнери. За да се постигне поголема транспарентност, предлагаме државниот капитал да се нуди на јавни тендери. Ако тие не успеат, тогаш треба да се пристапи кон непосредно

договарање, но со точно утврдени критериуми. Во Законот не постојат никакви критериуми кога, или за кој фирми Комисијата може да отпочне со продажба преку непосредна спогодба. Тие критериуми пределагаме да се предложат во Законот, или Владата да донесе такви критериуми кои ќе бидат објавени.

Петто, стратешки партнери. Исто така, не се определени условите за стратешки партнери. Што е тоа стратешки партнер. Се вели дека на база на програмата што ја нуди потенцијалниот инвеститор се определува стратешкиот партнер. Премногу голема слобода и се остава на Комисијата и на Владата, а со тоа се губи и транспарентноста. Значи ли тоа дека домашна мала фирма може да стане стратешки партнер по некоја наша македонска оценка дека е гигант. Да не речам сега некоја фирма да и се јави како стратешки партнер на Алкалоид. Би рекол, сите овие прашања за транспарентноста даваат основ за недоверба кон евентуално добрите намери на Владата, за натамошната приватизацијата на претпријатијата и на државниот капитал.

Шесто, надлежноста на Агенцијата. Надлежностите се зголемуваат на Агенцијата наместо да се оди на постепено гаснење и формирање на фонд за развој. И ова беше заложба на коалицијата за промени, но ништо од тоа. Со гаснење на Агенцијата и формирање Фонд за развој постапено е скоро во сите поскомунистички земји. Што значи гаснењето на Агенцијата. Се дава сигнал во земјата и во странство дека приватизацијата е завршена. Дека е дефинирана сопственичката структура и се оди со мерки за раст на домашниот производ. А она што останало за доприватизирање ќе се одвива тивко без големи треви. Ова е лош знак за странските инвеститори, кои ни се потребни како "насушен леб".

Што предлага пратеничката група на СДСМ. Да се остварат заложби на коалицијата за промени во време на изборите за транспарентност на приватизацијата. Затоа е потребно да се дефинираат услови критериуми во Законот за продажба со непосредна спогодба и критериуми за стратешкиот инвеститор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски за предлозите и сугестиите.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, Мислам дека на дневен ред имаме многу важни закони, иако се однесуваат на измена и дополнување на законите за трансформација на општествениот капитал на Република Македонија, на она што го кажа министерот, она што стои во овие предлози и претходниот дискутант укажа дека навистина може да се заклучи дека конептот на Законот за трансформација не се менува во Република Македонија и тоа е добро. Тоа е за поздравување бидејќи имаше за време на предизборието дека би можело да дојде до измена на концептот на приватизација што би придонело да дојде до катастрофални и тешки последици во стопан-ството на Република Македонија, бидејќи до тоа не дојде, мислам дека тоа е за поздравување и јас кажувам во име на пратеничката група на ПДП дека ние ќе ги поддржиме овие закони, бидејќи колку толку се чинат напори да се подобрат некои решенија, бидејќи основниот закон е донесен во 1993 година и сигурно огромно годишно временско растојание е присутно од шест години, така да веројатно практиката пока-жува дека некои работи треба да претрпат некои измени и дополнувања. Меѓутоа, во уводното излагаше добро ќе беше министерот да дадеше поопширно образложение за тоа што досега ние направивме со приватизацијата, колку претпријатија се приватизирани, колку средства се собрани и што се очекува од овој дел на доприватизација, исто така колку средства би се собрале и каде би биле тие средства инвестирани. Јас на почетокот да кажам дека јас лично се залагам тие средства што сега ќе се соберат од оваа доприватизација, со сите тие предности што ги даваме сега, и бонитети, и зголемување на тие попусти од 30 на 50%, што лично исто така ги поддржувам, мислам дека тоа е една мерка побрзо да се продава тој општествен капитал што останал од тие претпријатија, но инсистирам и барам од тие средства мора да се оформи еден фонд, па тие средства да не ги трошиме во општата и заедничката потрошувачка, туку тие средства да бидат наменети исклучиво за развој на стопанството, имајќи го во предвид уште повеќе денешниотв миг во кој работат нашите претпријатија, нашето стопанство, за тоа на сите ни е јасно и затоа добро би било и би дошло како олеснителна околност доколку тие средства што ќе се соберат од оваа доприватизација да се употреба за развој на стопанството во Република Македонија.

Инаку, она што го кажа и претходникот, јас би сакал само да го

потврдам, бидејќи многу работи така тој ги кажа, околу транспарентноста на Коамисијата. Јас не би навлегол дали ќе има преглас сега на една партија и партиски интереси, веројатно тоа ќе го обезбедат, ако не преку Комисијата, веројатно преку другите работи, бидејќи таа партија е на власт, но јас мислам дека треба да има и стручњаци. Во поранешната Комисија имаше и надворешни луѓе, како експерти кои ите како, дури и повеќе од некои надлежни министерства, подобро ги знаат тие работи и би било добро во интерес на целата држава да бидат вклучени, а не да бидат само од редовите на одредени министерства и министри, како што сега се предлагаат во законот, односно амандман имаше на Комисијата веројатно Владата рече дека тоа го повлече, па сега само Владата ќе ја формира таа комисија, но мислам дека таа транспарентност треба да ја обезбедиме и од аспект на транспарентност, а и од аспект на вклучување на членови експерти од надвор, посебно од нашиот Универзитет, луѓе кои од оваа област доста добро се разбираат.

Мислам дека треба да го поддржиме овој закон, да се надеваме дека ќе дојде до побрза доприватизација и приватизација на овие претпријатија со општествен капитал и на државниот капитал овие средства да бидат наменети исклучиво за развој на стопанството и да се надеваме дека во овој нареден период ќе се забрза тој процес, ќе ги исполниме тие услови, цензуси што беа пред ММФ и пред Светската банка и веројатно на тој план ќе имаме некој олеснителни работи, посебно со зголемување на ефикасноста на таа трансформација јас мислев дека е добро што некој надлежности се бават, односно и се зголемуваат на Агенцијата, што побрзо тоа да се заврши и веројатно ќе се донесе закон за укинување на таа Агенција и ќе се формираат оние институции кои треба да се формираат во другите држави.

Да не должам, мислам дека е добро ова што го направивме, на крајот една мала забелешка, би било добро овие работи што ги добиваме, да се запази Деловникот на Собранието, треба да се запази десет до петнаесет дена однапред да ги добиваме материјалите, подобро да ги проучиме и подобри решенија дапредлагаме и со овие наши дискусии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу. Мислам дека неговата забелешка држи и дека во иднина ќе треба да се даде малку поголемо време за читање на законите од страна на пратениците.

Продолжуваме со расправа.

Дали некој друг бара збор?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници Со оглед дека овој Закон е многу важен, и се дискутира во принцип за целиот закон, најдеов за сходно да се јавам за збор, поради тоа што сметам дека законските решенија што се нудат сега за промени не се лоши и ние ќе ги поддржиме, но мислам дека не се единствен и најважен елемент за успешноста одредени економски ефекти да успеваат. Често пати субјективниот фактор, компетентноста, стручноста и односот на луѓето кои се со закон одредени да спроведуваат такви закони и према разните програми се многу битен фактор, па затоа сметам дека не ретко многу наши претпријатија не си го најдоја себе си своето место и си дозволија наши работници да останат без егзистенција, поради тој однос на тие важни фактори, а во овој контекс и на Агенцијата за трансформација која сега го менува името, што мислам дека е добро, нивниот однос не е секогаш врз економски принципи и понудата што ним им се дава од одредени програми, од одредени групи на експерти, не секогаш еднакво се третираат, па сакале или не сакале, па секогаш преземаат и бои што не може секогаш да им служи на чест и не можат да бидат основа за економски просперитет.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас од мојата изборна единица во таков контекст би го напомнал проблемот со фабриката за емајлирани производи поранешниот "Борис Кидрич", сега "Макемаил" која што мислам дека заради таквиот однос на Агенцијата за трансформација веќе 4 години дојде во состојба од една фабрика која што и даваше на нашиот пазар околу 2 милиони долари годишно девизен прилив и вработени од 500 до 800 вработени, сега дојде во состојба поради тој неадекватен однос и ден денеска тука не се знае што ќе биде и дали тој програм што е сега понуден од таму ќе успее. Затоа бидејќи сум свесен дека Владата, мислам и претседателот на Собранието ни вети дека ќе има седница за прашања, што не се сомневам во тоа, но бидејќи контекстот е идеален за спомнување на овој проблем во овој момент, јас би се обратил на Владата со една желба и со едно прашање, дали Владата е запознаена со овој проблем, значи со проблемот на фабриката

"Макемаил" во Струга и дали мисли нешто да превземе во смисла сега таа новонаименувана Агенција да придонесе и таа фабрика со околу 300 до 400 вработени да застане на свои нозе и бидејќи има адекватни и добро квалификувани програми да се најде себеси за да се ублажи колку, толку состојбата и на реонот на Струга.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, сметам дека има потреба да се поддржи Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, од причина што истиот има за цел забрзување на процесот на трансформација на претпријатијата, како и надминување на проблемите кое произлегува од практичната примена на овој закон. Би сакал да истакнам дека посебно значајни се одредбите од овој закон, со кои се обезбедува запазување на роковите за усогласување на работењето на стопанските субјекти со одредбите од Законот за трговските друштва. Позитивно би требало да се оценат и решенијата од Законот со кои се предвидува дополнителен попуст при откуп во готово, или во целост на неотплатените акции од субјектите кои користеа попуст од причина што со тоа се придонесува за заокружување и завршување на целиот процес на трансформација на општествениот капитал. Посебно е значајно да се истакне дека со Законот се предлага вградување на нови одредби кои се однесуваат на продажба на претпријатието со непосредна спогодба кога како купувач се јавува стратешки инвеститор. Се цени дека ваквите решенија ќе бидат од поширок општествен интерес и ќе овозможуваат побрзо извлекување на државата од тешките економски состојби. Анализирајќи ги понудените решенија евидентни се поголемите ингеренции на Агенцијата за приватизација. Но, поаѓајќи од фактот дека нема иделани законски решенија, пратеничката група на ДПА ќе даде поддршка на овој и на оста-натите закони од пакетот закони за кои денеска Собранието расправа, бидејќи решенијата кои сега се предлагаат со овие законски текстови се пооптимални и се во функција на скратување и забрзување на целокупниот процес на сопственичка трансформација.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани господа пратеници, се е добро што овде денес дискутираме, но веднаш имам конкретна забелешка спрема сите. Сите знаете Македонија во каква економска криза се наоѓа, државата ни се наоѓа во економски колапс. Ние сешто можеме тука да говориме, но тешкотијата е голема. Првенствено околу оваа трансформација што треба да биде за приватизација и за други работи и агенции и се тоа едно ќе ви на-помнам. Сите знаете сакавме многу работи да приватизираме, но кој ги приватизира и што приватизира и што ќе приватизираме сега и кој ќе ги превземе тие работи. Дали граѓаните треба да ги вратиме пак на нивните работни места, или ќе правиме уште поголема катастрофа со испуштање од работа на вработените. Што ќе направиме, социјала на Република Македонија. Колку што сега има социјала и уште толку социјала? Што размислуваме, која трансформација? Цементара, го дадовме најголемото богатство на грците, а со грците ни е спорот, Железара ја продадовме, ја дадовме, што значи тоа, богатствата, Пивара, она се што се кешира за готовински пари, без разлика кој и што бил. Јас говорам денеска на оваа седница за во иднина ова да се земе во предвид и да не се направат некои злоупотреби, затоа што граѓаните ќе не осудат за ова. Народот трпи, но нема веќе да трпи, бидете сигурни во тоа. Народот гладува, не работат, голема социјала имаме. За тоа треба сите трезвено да размислиме овде што ќе направиме, како ќе направиме, а не двајцатројца, пет души да ги купуваат главните гигантски фабрики и да отпуштаат вработени, да вработуваат нешто минимално што треба, благото на Македонија да го продаваме што можеме секогаш да го кешираме во готовина и да работат нашите граѓани. Што ќе направиме од Македонија, ќе ја направиме држава која треба само да купува и продава, само трансфер да правиме? Не. Досега да знаете никогаш не сум зборувал околу економија, стопанство, но сега се ќе ви кажам. Стрепете се и слушајте сега сите. Досега за ова не сум говорел никогаш затоа што не сум сакал да навлегувам во тие работи, но сега време е, ова е момент, затоа што барут, огин гори во државата. Немој да се коцкаме со државата. И немојте да ја распродаваме државата. Фабрики кои чинат по 100 милиони марки да се продаваат за пет милиони марки, тоа не доаѓа во предвид. Да ги оставиме како што биле. Дајте ги без пари на граѓаните, тие 10 кои ќе ги превземат без пари да вработат илјада вработени, па да видите како ќе биде. Јас предлагам никакви пари да не зема државата, ништо да не се земе, ништо да не се распродаде, се што имаме во државата се

да сочуваме, да ги вратиме граѓаните на работните места, а кој е спремен, кој е стопанственик, кој сака да вработи од 50 вработени па до 1000 да се здружат од еден до 10 или до 20 да вработат, а нека вложат во репроматеријали, нека вложат во индустријата за да мо-жат да се вработат граѓаните на Република Македонија. Отворено ви кажувам ако сакате Македонија да излезе од економски колапс, увозот на Република Македонија од Турција и од другите држави се што произведуваме во Република Македонија да се заштити. Министерот за стопанст-во има полно право и му давам полна поддршка што си даде поддршка и сите министри ќе дадат оставка. Зошто? Ќе дадат оставка нормално, затоа што се наоѓаме во една опасна ситуација. Не може некој министер да има обврски 200, 300 милиони марки, а да има 20, 30 милиони марки на располагање. Значи нема средства, нема пари, нема обрт. А каде е целата ситуација? Јас ќе ви кажам сега. Земете малку од моево, после прочитајте го добро, размислете добро, смејте се слободно, но граѓаните за ова што се смеете, гледате пред некој ден на телевизија БТР, ве напаѓаат сите, а мене граганите ми даваат поддршка. Тоа да ви биде јасно, јас добивам поени, сите губите. Јас со овој говор секогаш добивам, ако сум еден, без разлика како сакате сфатете го, јас зборувам во интерес на сите граѓани на Република Македонија. Гледате во која ситуација се наоѓаме. Пак се враќам на ис-тото.

Имам предлог затоа што министерот за стопанство даде остав-ка. Зошто? Затоа што не се наоѓаме во добра ситуација, не може јавно да се искаже човекот. И на премиерот му давам поддршка и на другите им давам поддршка и опозиција што сме сите, дајте да видиме да не ја изгубиме државата. Народот ако се дигне против нас џебе е се. Да го знаете тоа. Мораме нешто да измислиме, мора совет и памет да се прими. Дајте сите да помогнеме, сите да се здружиме да работиме за да Македонија ја извадиме од оваа криза. Предлогот ми е овој, Турција увозот конкретен се што влегува да се забрани, се што имаме во Република Македонија, се што се произведува во Република Македонија. Викнете ме луѓе, јас ќе ви ја кажам целата работа, јас ги знам сите работи, јас многу ќе ви помогнам. И ви гарантирам 100 илјади вработени ќе се вратат на работните места во сите дејности од текстилот, металургија, ќе ви ги кажам сите работи. Јас знам од каде течат сите работи. Како би можеле кога во Турција една машна чини една марка, а кај нас чини пет марки. Таа машна е конкурентна, јас ви давам еден предлог. Овде во Република Македонија се продава за марка и 20 и 30, нормално е нема да има наше производство, нема да работат фабриките. Значи тоа е тоа, дајте да се свртиме, да седнеме Владата, министрите да имаме еден состанок, да имаме една средба, малку да им помогнеме кои вака знаеме некои работи. Нормално нова Влада, ново се и старата Влада што била нека помогне. Зошто? Ако губиме, ако отиде Македонија, ако се распродадеме што ќе трансформираме, што имаме да трансформираме. Досега не се продало и понатаму не очекувајте. Дајте се што е затворено да го отвориме, да проработат фабриките, отворено ви зборувам шверц комерц работи колку сакате. Вие смејте се, јас ви кажувам отворено. Дајте да се зајакне контролата на границите. Секој автобус пренесува по пет милиони марки, по 500 илјади марки на ден и знаете ли колку ијлади марки излегуваат од Република Македонија. Па тука е колапсот, не само од Македонија за Турција, за Бугарија, за други држави, да ја зајкнеме контролата за да се што се произведува во Македонија. Она што не се произведува во Република Македонија и тоа да влезе овде и тоа во некоја компензација, само во некоја компензација што можеме да извезуваме и да увезуваме, стока да купат од нас, а пари никој. Ова е многу сериозна работа што ви ја кажувам. Немојте да мислите дека јас џабе се нудев министер за мало стопанство што никој не го измисли во Македонија тоа. Тоа го има во Словенија, во Хрватска има и во други држави, тука треба да ја прошириме работата, домашното производство, дома да работиме. Ако работиме дома јас ви гарантирам дека Македонија ќе ја извлечеме од криза за три месеци, за четири месеци може Македонија да се извлече од кризата, ама треба да седнеме сите да ги стегнеме нашите каиши и нека пукаат на нас каишите, да се затвориме што се вели сите каде што треба во Влада, или ка-де треба, месец дена да работиме сите и секој што знае по некоја информација и се што знаеме да се сложиме сите, а не да го распродадеме богатството, не се согласувам со тоа. Како пример ќе ви го дадам Скопскиот саем, јас бев кандидат за Скопскиот саем. Три милиона и 200 илјади марки беше на тендер таму на продавање, 13 милиони и 740 илјади марки јас сум дал понуда со американски партнер, а саемот вреди 200 милиони марки, дали го знаете тоа или не? Што ќе правиме? Ќе пљачкаме во државата, некој ќе се збогатува? Не. Не

се согласувам со тоа. Дајте граѓаните во Република Македонија да им дадеме работа да работат, да видиме увозот од каде е, што е, се што влегува во Република Македонија, царините да се затегнат, другите контроли да се затегнат, се да се затегне, која фабрика што произведува, како произведува кој и е капацитетот, колку граѓани имаме. Кратко и јасно ќе ви кажам, производството тие пари ако одат во трговија, од трговија ако одат во производство, од производство пак до работникот, до оној што продава, значи ќе дојдеме во еден циклус на едно производство во круг што ќе го вртиме и ќе ја финансираме Македонија со нашите работи, со наше производство. Она што немаме, па кога може една Бугарија, кога може една Америка, кога може една друга држава да се заштити, кога може ембарго 100 пати да ни ставаат и на јагниња и на се што сакаат, а она што го имаме благото, па дајте можеме и ние да го направиме тоа. Прв пат отворено ви го кажувам ова. Ви се нудам викнете ме, сите работи ќе ги решиме. (Реакциии од пратениците) .

Слободно чукајте на масите колку што сакате, чукајте ако ви е банално. За граѓаните не е банално, сите се дома 200 и неколку илјади невработени имаме во Република Македонија. Ако вака продолжиме уште 200 илјади. Господине Харуни, ако на вас не ви се слуша, и вие по два часа говорите овде, говорите за некои работи, говорите за една држава која се ствара, која не постои, која постои една Албанија кој бара Косово да стане една држава и немојте да ми реплицирате од таму, повелте овде реплицирајте. Барате тука 400, 500 илјади ни наметнувате овде бегалци, ја ставате Македонија во колапс и банален сум. Нормално затоа што не ве штитам, банален сум. Јас зборувам во интерес на Република Македонија. Јас сакам стопанството и економијата во Република Македонија да ја подобриме. Ова сега е тема на приватизација и битна е приватизацијата. Ако ние настапиме како едно 20 фабрики кои се приватизираат овде во Македонија и страни ни ги земаат. Кои се тие страни? За пример ќе ви ја кажам Пивара. Кои страни, кога ги наполнија џебовите со пари, кога ги уфрлија во надворешни банки и страни партнери фрлаа тука, Цементара што готови пари дава и многу други да не ги набројувам, дајте размислете сега во овој момент ако треба и ова да го одложиме за друг ден, повеќе да размислиме за благото на Република Македонија да не го даваме некој друг да го земе, а нашите граѓани да останат без работа. Предлагам сите добро да размислиме. Тука е целата работа дали Македонија ќе излезе од економски колапс, или не. Сега е моментот. Се што влегува и се што излегува во Република Македонија да се знае затоа што 90% увоз има, а 10% има извоз. Тука е целата работа, затоа што се живо и диво влегува во Република Македонија. Конкурентно е и нормално не можат да проработат нашите фабрики. Кога ќе си го заштитиме нашиот производ како што предлагаше министерот минатиот пат, мислам дека се ќе биде добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (продолжение)

Му благодарам на господинот Амди Бајрам.

Дали уште некој бара збор по оваа точка од дневниот ред?

(Не бара)

Ако не бара, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Министерот за финансии би сакал да одговори на некои прашања што директно беа поставени овде.

Има збор господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Мислам дека по редослед требаше да имаме извештај на Комисијата за приватизација, па можеби после да се донесеше тој закон. Тогаш ќе имавме појасна претстава за процесот на приватизацијата во Македонија. Меѓутоа, овој извештај сигурно ќе се разгледув на некоја код наредните седници на Собранието.

Морам да ви кажам дека имам некои податоци. Не сакам тие да ги кажувам, но еве, сега ќе ги спомнам.

До сега приватизирани се 1438 претпријатија. Во тек на приватизација се 165 претпријатија и само 77 претпријатија не го отпочнале процесот на приватизацијата. Според тоа, веднаш можеме да кажеме дека процесот на приватизацијата во Македонија е фактички завршен.

Ние се наоѓаме во еден, таканаречен постприватизационен период, така што овие решенија што се донесени во законот, со измените и дополнувањата на законто, тие решенија се однесуваат на тоа како да се реши тој втор процес на постприватизација, а не да се решава процесот на самата приватизација што е веќе завршен.

Ние сакаме, како правна држава, некои работи што се веќе направени, да не ги менуваме. Тоа е и континуитет.

Во поглед на прашањето што

ветувавме ова да се подели имотот, морам да ви кажам уште еден податок. Од приватизираниот капитал во Македонија, само 41% е платен. Другиот капитал не е платен. Ветувавме дека дел од тој капитал кога ќе се плати, ќе се подели преку акции итн. Меѓутоа, сакаме да веруваме дека тој ќе се плати, но сите податоци покажуваат, скоро кај 90% од претпријатијата, тие не си ги извршуваат обврските според Законто за привати-зација, односно да ги  отплатуваат ратите. Така што ќе се наметне прашањето тој капитал да се врати во рамките на агенцијата и после ќе расправаме што со тој капитал.

Исто така, реков малку дека ќе ги намалиме шпекулациите во поглед на плаќањето, односно овој закон индиректно ќе ги намали, затоа што не сме против тоа да се купуваат акции со заробени девизни штедни влогови. Тоа решение не го менуваме. Меѓутоа во праксата, кај нас, за жал, не купуваа акции тие кои имаа заробени девизни штедни влогови, туку купуваа акции односно претпријатие, тие другите да не ги кажам со она лошо име шпекулантите кои ги купуваа заробе-ните девизни штедни влогови со дисконт дури од 30%, дури некои ги купуваа тие девизни штедни влогови на отплата за 2-3-4-5 години и никогаш не им ги вратија тие штедни влгвои на граѓаните, а станаа сопственици на претпријатијата.

Тоа мислиме да го спречиме, така што ако има некој кој сака да купи претпријатие, тогаш директно носителот на штедните влогови ќе купи, а не некој граѓанин кој го  откупува штедниот влог на дотичниот граѓанин.

Во цената на претпријатијата, ако приватизацијата не е завршена, ние рековме дека цената е можеби ниска итн. но сега веќе не вршиме нови проценки. Веќе се издадени акции и нивната вредност доаѓа до израз на берзата на хартии од вредност. Тука делува цената на претпријатието, веќе е под влијание на понудата и побрувачката. Меѓутоа, со тој закон сакаме, усогласувајќи го со Законот за тргов-ски друштва да ја забрзаме циркулацијата на акциите, а забрзувањето ќе доведе до тоа некои луѓе, верувајте, не сакаат да бидат акционери Затоа што имаме следни случаи, тој е акционер во една фирма, две години не примил плата а е акционер. Ако го прашате тој работник сега дали сака да биде акционер или да прима редовно плата, тој ќе каже една работа - Дај да ги продадам акциите, барем да добијам нешто. Тоа е добро. До сега тоа не можеше да го прави. Или, го правеше внатре, во самата фирма и овие акции се продаваа во безцење итн.

Транспарентноста во продажбата, велиме некое ново решение Видете, кога го предложивме ова решение - непосредна спогодба, морам да ви кажам која е причината за тоа да го направиме.

Причината тоа да го направиме е фактички она што се направи со 12-те загубари. Ние имаме прифатена обврска за 25-те, а сега 12-те загубари. Имаме прифатено обврски и од претходната Влада и од оваа Влада дека тие лретпријатија или треба да ги продадеме или да ги ликвидираме. Тоа е прифатена обврска.

Сега се поставува прашање дали е подобро тие претпријатиј да ги продадеме или да ги ликвидираме? Ако ги ликвидираме, тие претпријатија се веќе нови 12.000 невработени во Македонија. Знаете, исто така, вие, дека сте, и претходната и новава влада дека се врзан со рокови. Ако почнете тука од тендери итн., тие претпријатија тешко можат да се продадат. Можеби и со непосредна спогодба тешко ќе ги продадеме. Затоа, сакаме да го забрзаме тој процес на приватизација на овие 12 загубари, Македонија да има помалку штети од продажбата на 12-те загубари односно на примена на структурните реформи.

Ќе добиеме повеќе пари од продажбата, а истовремено вие знате ќе добиеме и повеќе пари од Светската банка за ликвидација заради продажбата на воие претпријатија. Оттука го поставивме прашањет на непосредна продажба на одредени претпријатија, затоа што фактички претпријатијата се скоро приватизирани.

Мислам дека Комисијата, има ваква забелешка, дека тоа нема да оди така, дека Комисијата е формирана само од министри, дека тие се најстручни.

Видете, досегашните решенија се скоро исти. Управниот одбор на Агенцијата треба да биде составен од стручни луѓе. И до сега во Комисијата на Владата влегуваа министри, заменици министри итн., се беа тоа функционери. Ова прашање го менуваме со одредени амандмани, така што бришеме кои министри треба да влезат во Комисијата на Владата. Тоа го ставивме амандмански и мислам дека тоа прашаше на тој начин ќе го решиме.

Големи овластувања на Комисијата. Комисијата има исти овластувања, освен додадените овластувања

за продажба на 12-те загубари. Ништо повеќе и само тоа ќе се случува.

Велиме, прашањето дали тендер и стратешки партнер. Ние и до сега имаме стратешки партнер. Вие знаевте дека имавме стратешки партнер, еве да ја земеме Стопанска банка. Три години ја приватизиравме, имавме стратешки партнер, тендер, а се доведовме во ситуација банката да не ја продадеме. Така што енкогаш тендерите не се и решение. Не значи дека и секогаш не се решение, но кога се работи и за овие 12 загубари, мислам дека само на тој начин можеме да го решиме овој проблем во Македонија.

Агенцијата и зголемување на нејзината улога. Ние, ја направивме следната работа, Агенцијата веќе не е за трансформација на општествениот капитал. Таа е Агенција за приватизација, треба да си ги заврши работите и откако ќе ги заврши работите, полека - полека треба да престане. Да има карактер на стручна агенција што ги врши работите околу приватизацијата, додека овла-стувањата се далеку поголеми во органите. Тоа е во Комисијата при приватизација на претпријатијата.

Меѓутоа, нејзината улога ја продолживме затоа што сакаме Агенцијата и државниот капитал, кој беше сега во функција на државата, а вие знаете дека државата не е многу ефикасна и способна да управува со капиталот, привремено тој капитал да се даде со него да го приватизира Агенцијата, затоа што имаме определба да немаме државен капитал. Заради тоа е новата улога на Агенцијата.

Дадовме едно прашање што е важно, а тоа е прашањето за стечај. Знаете дека во Македонија и најголеми ујдурми, односно неправилности се праве со стечајот. И во претходниот период и сега се прават такви ујдурми. Ке влезе стечаен управник, ќе работи две години таму во фирмата, за тие две години полека може да ја ЛИКВИДИЈ фирмата и не се бара решение за приватизација и трансформација. Ние сакаме тој процес да се спречи, да дадеме поголема улога на Агенцијата, таа во стечајната постапка да понуди решение - модел за приватизација на фирмата што е во стечај. На тој начин сакаме да ги спречиме сите неправилности што се појавуваат во стечајната постапка на претпријатието во Македонија.

На крајот, сакаме да ја заостриме улогата, условите за користење, сеуште на неправитзираниот капитал. Сакаме да ја заостри-ме цената на оние кои го користат тој капитал. До сега имавме дивиденда 2%, сакаме сега не само фиксна дивиденда 2%, сакаме да учествуваме и во другата дивиденда во тоа претпријатие. На тој начин да ги принудиме претпријатијата да го приватизираат капиталот да бидат позаинтересирани да го купат капиталот за да не може да плаќаат дивиденда на некој друг од надвор.

Третата работа што сакам да направиме, а тоа е направено со Законот, да кажеме државата се однесуваше на еден начин. Комисијата за привтизација се однесуваше на друг начин и третото, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се однесуваше на трет, четврти начин. Иако на еден начин тоа е приватизиран капитал, односно неприватизиран капитал, ние сакаме тие институции, бидејќи се работи за приватизација, сакаме во одредени случаи заеднички да истапат кон трети инвеститори, кога се работи за стратешки инвеститор кој нуди добри пари да приватизира фирма во Македонија. Тоа прашање го решаваме со Законот за приватизација.

Мислиме дека тој закон ќе ја забрза приватизацијата, ќе отстрани одредени неправилности во Македонија ќе создаде над 60% од средствата што се приватизирани а не се платени да се вратат назад ако не се платата, тогаш да учествуваат сите во приватизацијата на општествениот капитал.

На крајот, една благодарност на пратеничките групи во опозицијата што даваат поддршка на измените и дополнувањата на Законто за приватизација.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Стојменов.

Бидејќи со ова го заклучивме претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниво заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Кој е за, молам да крене рака?

91 пратеник се за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од прашање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и

Прелдогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

87 пратеници се за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласашето? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 8 за бришење на став 2; член 48 став 2 и за менување на член 54.

ЗПК поднесе амандмани на член 6; член 7 став 2; член 12 став 1; член 19 став 1; член 25 ; за преформулирање на член 26; член 35 за додавање нов став по ставот 1; член 37 за менување на став 1; член 38;во новиот член 86-в став 1; член 45; во новиот член 100 став 4; член 46 за менување на став 6 и на член 48 став 1

Пратениците Бранко Црвенковски, Тито Петковски и ИЛија Филиповски поднесоа амандмани на член 38 во новиот член 86-а став 3 по кои Владата не се произнела. Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, овој амандман е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став *2*, поднесен од ЗПК.

Со овој аманмдан се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го моалм повторно претставникот на Владата да се произне-се.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарм.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1, поднесен од ЗПК.

Исто така, со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се рпоизнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро.

Отворам претрс по амандманот на член 25 поднесен од ЗПК.

Со овој аманмдан се согласил повереникот на Владата на седницата на Комисијата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за префрмулирање на член 2 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амамдман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по аманмданот на член 3 7 за менување на став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата на седница на Комисијата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 38 по новиот член 86-в став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој аманмдан се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господин Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45 по новиот член 100-а став 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за менување на став 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 1 поднесен од ЗПК.

Исто така со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Борис Стојемнов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 4 8 став 2 поднесен од КОмисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот за финансии, господин Борис Стојемнов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менуваше на член 5 4 поднесен од Комисијата за финансирање и

буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа. Инаку, не е многу важен, меѓутоа се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 38 во новиот член 86-а став 3 поднесен од пратениците Бранко Црвенковски, Тито Петковски и Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Држи амандманот ако се работи за продажба на јавни претпри-јатија да има јавни тендери и контрола, меѓутоа, бидејќи се работи за 12 загубари и бидејќи тоа го имаме прифатено со ММФ и Светска банка тоа да го направиме за некои претпријатија до 36, за некои претпријатија до 39, за некои претпријатија до 31.12. Од тие причини, а не амандманот да не е содржаен, заради 12 загубари неможеме да го прифатиме овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еден од подносителите на амандманот господинот пратеник Илија Филиповски побара збор.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

За да биде појасно да го прочитам членот 86-а, ставот на кој поднесуваме амандман: "Со непосредна спогодба се продаваат претпријатијата предвидени во  Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажале загуби ("Службен весник" 33) и други претпријатија за кои постои интерс за купување од страна на стратешки инвеститор". Тоа значи дека секое претпријатие да биде продадено со непосредна спогодба.

Ние би прифатиле доколку биде само за тие 12 претпријатија, загубари, што ги кажувате како потреба, меѓутоа, јас ќе искористам прилика да ви одговорам на неколку прашања кои вие во втората Ваша дискусија ги поставивте.

Прво, кажавте дека приватизацијата е при крај, а на Агенцијата и даваме нови и нови функции што е во спротивност со фактичката состојба. Значи, приватизацијата е завршена а ние на Агенцијата и даваме нови надлежности.

Второ, вие велите дека 70% од приватизацијата не е платена, одложени рокови и заради тоа неможе да се издвојат акции на буџетски корисници (полиција, војска), меѓутоа со овој закон се предвидува ако некој не плати две плаќања во предвидениот рок во тој случај акциите се враќаат на Агенцијата. Или три транши ако не се платат во рок од 6 месеци значи дека се задржува наплатата со овој закон. Ако навистина целта е таква да можат да се дадат акции како што ветувавте треба тоа да го направите со овој закон.

Трето, вие сега давате попусти од 50% на она што порано е проценето во време на владеењето на старата влада. Според тоа, она што јас го искажав дека е дојдено до становиште дека цената порано бил; висока, тоа е непобитен факт.

Исто така ги спомнавте и интерните акции. Тие интерни акции со поранешните извори мислам дека се претворени во обични акции. Така да ние ги поддржуваме и измените на Законот, кои се носат, меѓутоа би требало транспарентноста во секој случај да се обезбеди и мислам дека овој амандман би требало да биде прифатен и би замолил да биде прифате?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван, претседателе, почитувани колеги пратеници, два амандмани се дадени од страна на пратениците Брако Црвенковски, Тито Петковски и Илија Филиповски со кои се нагласува транспарентноста во приватизацијата. Кога зборуваме за транспарентностана приватизацијата факт е дека еден од елементите при приватизирањето на општествениот или државниот капитл е многу битна работа. Затоа се залагавте и порано и за тоа сега се залагаме да биде опфатено. Меѓутоа, разбирливо е дека господинот Илија Филиповски незнам каде беше на работа пред овој мандат дали во државата или андвор и можеби не му е познато, меѓутоа на господата Тито Петковски и господинот Бранко Црвенковски, совршено треба да им е јасно како беше спроведувана

приватизацијата во досегашниот период. Ние најнапред околу цените, утврдувањето и дисконтот, кој што се добива ше и во поранешниот период, за одредени претпријатија кои што создаваа загуби во своето работење, најнормално Агенцијата за приватизација односно Агенцијата за санација на банки при договарањето и преговарањето одобруваше дисконт некаде и до 60% зависно од претпријатието како се дкористи. Значи намалувањето на цената, дисконтите што сега се предлагаат 50% не е дискутабилно за одредени претпријатија кои што навистина во своето работење создаваат загуба.

Што се однесува до транспарентноста на постапката и органите кои што функционираат при приватизацијата мислам дека е во ред со предлогот што е даден во Предлогот на законот, меѓутоа, за транспарентноста имам само едно прашање за да констатираме на кој начин се приватизираа претпријатијата порано. Бидејќи сум од изборна единица Пробиштип, потпи шан е договор за приватизација на Злетово батерии, затоа што мислам дека господата кои што го поднесуваат амандманот би требало да знаат на кој начин беше потпишан договор со Турско-Македонска фирма, која што е формирана од страна на македонски претставници, формирана само за таља намена, за приватизација, која што турско-македонска фирма стопани суваше во договор пет месеци без никаков надомест и без никакво обезбедување со Злетово батерии. Тимот беше познат, заменик министерот за стоапнство Благоја Петрушевски, поранешниот претеник Душко Николовски и генералниот директор Јаким Андов. За таквото нешто можеби поранешниот премиер не бил во тек, меѓутоа не е можно за еден ваков гигант да не се знае што станува. По истекот на 5 месеци е потпишан договор за прива тизација ниту еден денар, ниту еден долар не беше уплатено. Стопанисува господата пет ипол месеци, работеа што сакаа со Злетово батерии и сега ги оставија вработените ниту напред ниту назад. Зборувам за Злетово батерии од Пробиштип.

Во принцип поддржувам транспарентност, и амандманот, меѓутоа треба да бидеме објективни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Чедо Петров.

Дали уште некој друг бара збор во врска со овој амандман?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ние немаме претпријатија кои треба да се продаваат со непосредна спогодба освен 12-те загубари. Според тоа, тоа е факт, во тој поглед затоа велам да имавме повеќе претпријатија тогаш можеше ваквата формулација да се прифати, мислам амандманот. Меѓутоа, завршена е приватизацијата и најголем дел од претпријатијата кои се приватизираа се над 51% во управување на претпријатието и државата нема никакви ингеренции да може да ги продава тие претпријатија. Овде се работи за диктат од една мегународна финансиска институција со која сакаме да соработуваме и она ги наметнува тие претпријатија, инаку никаде не би се мешала државата во ниеден момент да продава претпријатија. Затоа што ако продава, таа држава ќе мора да ги сноси трошоците околу продажбата на претпријатијата. Вие знаете, секоја продажба на било кое претпријатие, вие неможете да го продадете во цената по која треба да го продадете, тоа е првата работа.

Втора работа, ако го продадете тоа претпријатие ќе мора да сносите трошоци за отпуштање на работници. Ниеден странски инвеститор не сака да прими претпријатие со тие вработени што се во самото претпријатие. Замислете сега во каква улога би се ставила државата да отшуштиме работници и да ги ставаме на буџет. Тоа можеме да го правиме само со овие 12 загубари.

Инаку уште еден момент да кажам. Во стариот закон пишуваше дека сите приватизации кои се извршени по пат на кредити треба да бидат поништени и не се сметаат тие претпријатија како да се приватизирани. Ние интервениравме во овој закон, тоа го дообјаснивме и станавме пори-горозни. Досегашните наши увиди покажуваат дека поголем дел од претпријатијата каде што е извршена приватизацијата, дека приватизацијата е извршена со банкарски кредити, не со средства на работници, не со задржување на плати туку земаат кредит од банката и со тој кредит го купува претпријатието. Тоа е забрането и со стариот закон и со измените на Законот тоа само го допрецизираме. Тука се создава многу општествен капитал кој ќе биде неприватизиран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор во врска со овој амаднман? Господинот пратеник Ванчо Чифлиганец, побара збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани

колеги пратеници, не мислев да се јавам за збор, но би сакал пред овој Парламент и пред македонската јавност посебно пред стопанствениците да кажам дека во повеќе наврати јас лично, можеби не директно, индиректно, со разговори и со почитуваниот министер, господинот Стојменов сум давал забелешка дали се работи за претпријатија во групата на 12 загубари, затоа што се наоѓа на чело на една фирма 11 година и по ниеден основ, производство, финансии, ликвидност не е прикажана загуба, а тоа е рудникот "Бучим". Јас не би сакал овде да дискутирм за фирмата чии интереси ги застапувам, но би сакал да кажам ако една фирма последните две децении и последната деценија по ниеден основ, нити должничко, ниту доверителни односи и секогаш на оваа држава и носела девизи од 20 до 40 милиони долари, мислам дека не би требало, иако знам дека министерот за финансии е добро упатен, информиран, разговарано е да се сврстува во групата на 12-те загубари. Може да биде прифатливо само да се сврст во групата на 12 фирми за трансформација и приватизација. Осеќав некој морална, одговорна, стопанска одговорност кога сум веќе во Парламентот како пратеник тоа да го кажам, затоа што во повеќе наврати се спомнува од средствата за информирање, одговорни субјекти, не е мое својствено за конференции за печата да пишувам, но кога се зборува за 12 загубари а знам дека единствениот рудник на бакар и злато "Бучим" се сврстува во овој момент тоа не го заслужува. Затоа не сакам ниту како реплика да се свати, ниту бараше, но кога се зборува за 12-те загубари треба да се прави суштинска разлика. Се работи за фирма со 82% државен капитал, се работи со 5% општествен капитал и со над 12% приватен капитал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Само едно известување."Бучим" - Радовиш не се наога во тие претпријатија за кои зборуваме сега. Така да можеби пратеникот е погрег но информиран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, како објаснување во ред.

Молам, дали уште некој бара збор, во врска со поднесениот амандман?

За збор се јави пратеникот господин Бранко Црвенковски, еден од предлагачите на амандманот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Не мислев да се вкучам во расправата, меѓутоа, повод ми даде изјавата на министерот за финансии.

Предлагам, господине министре тоа што го рековте да го запишеме во членот, за да биде амандманот доставен од страна на Владата и да стане составен дел на текстот или ние сме подготвени да ја измениме содржината на овој амандман и да ја прилагодиме на Вашата изјава.

Имено, членот гласи: "Со непосредна спогодба се продаваат претпријатија предвидени во Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби", се наведува и цитира Службениот весник и бројот, во другиот дел "И други претпријатија за кои постои интерес за купување од страна на стратешки инвеститор, во понатамошниот текст инвеститор". Други претпријатија се сите можни други претпријатија во државата, без разлика дали се загубари или не се загубари, дали се на списокот на претпријатија кои што се дел од Програмата договорена со ММФ и Светската банка или не се. Бидејќи Вие велите дека точно се однесува на тој список на претпријатија за кои што е договарано и станале дел од аражманите со ММФ и Светската банка предлагам тоа што Вие го тврдите така да биде формулиран текстот за да не остане недоумица, не остане една дилема и да не остане еден сомнеж, бидејќи вака формулиран членот во овој закон дава можност секое претпријатие за кое што некој ќе пројави интерес, без разлика дали е загуба; или не е, дали е во некаков список или листа која се договара со ММФ и Светската банка, или не е, едноставно користејќи го овој член да се прибегне кон непосредна спогодба и да се дезавуираат сите останати норми и стандарди утврдени со други членови од овој закон каде што се упатува на јавен повик или вадење на претпријатието на берза и тн. Според тоа мислам дека сме многу блиску. Ова би било корисно за самиот закон и самиот предлагач на овој начин да се елиминираат било какви непотребни сомневања што всушност се сака со вака формулираниот член. Вие велите дека тој е наменет за 12 претпријатија, ние велиме во ред, да го ставиме тоа во амадནманот. Вие формулирајте го ние прифаќаме да биде нашиот текст на амадནманот преформулиран така за да се исполни намерата или желбата на Владата како

предлагач. Инаку, само една додавка.

Точно е дека преку 70% од претпријатијата се приватизирани или бројките што Вие ги кажувате 1000 и нешто, меѓутоа, факт е дека голем дел од нив се приватизирани според критериумот преку 51%, тоа не значи дека се приватизирани 100%. Некои се 53, некои 55, некои 60. Сето останато до 100% останува општествено односно државен капитал и овој закон се однесува не за 60 претпријатија што не се приватизиран туку се однесува за целокупниот нетрансформиран опшатествен и државен капитал, а таков има скоро во сите илјада и незнам колку претпријатија кои што успеале да го надминат цензусот од 51% трансформација на процениот капитал, меѓутоа, далеку од тоа дека се целосно приватизирани. Така да овие измени се однесуваат на една завидна количина или процент од претходно постоечкиот општествен или државен капитал. Затоа е тоа значајно. Нема проблем за преостанатите 60 претпријатија. Овој закон со неговите измени се однесува за сите претпријатија во кои што држа-вата има или државен капитал или има општествен капитл кој што не е трансформиран, и кој што е сега вратен на управување на Агенцијата за транасформација на општествениот капитал. Така да ова е значајно не е нешто маргинално не е случајно што ние инсистирме да биде јасно како би можеле навистина процесот да го води државата, Владата, меѓутоа и да го водиме како држава сите заедно по еден терк кој што можеме да го одбраниме и пред домашната јавност и пред било која мегународна институција која што би ставила забелешка доколку се создадат мо-жности за еден скриен или недоволно транаспарентен нотес на привати-зација. Мислам дека е во заеднички интерес ова решение да го прифати господинот министер за финансии и да го надминеме ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Бранко Црвенковски.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Смислата на измената на Законот за ова прашање се однесува на претпријатија кои не почнеле приватизација и претпријатија кои би се приватизирле. Тоа е прво.

Второ, претпријатија кои се приватизирани, кои имаат процент на приватизација над 51%, тоа државата не може да го прави. Сега поставуваме прашање во Македонија кои се тие претпријатија кои се приватизирани испод 40%. Тоа се загубарите. Ова прашање се однесува исто така на претпријатија не со општествен капитал туку претпријатија со државен капитал. Такви претпријатија многу малку каде што се со државен капитал. Мислам дека не се добива ништо и јас не го прифаќам овој амаднман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине министре, јас ќе морам да ви го прочитам целиот член, пред малку го прочитав само ставот за кој што се расправавме. Целиот член гласи вака: "Со непосредна спогодба се продава идеален дел од претпријатието.

Под идеален дел од став 1 на овој член се смета било кој дел од главнината на претпријатието изразена во акција односно удели". Нема тука критериум декас вие ќе продавате само пред 51%, па тоа се однесува на претпријатија кои што не се приватизирани односно има општествен или државен капитал повеќе од 51%. Тоа е во ред.

Ставот за кој пред малку разговаравме вели: "Со непосредна спогодба се продаваат претпријатијата предвидени во Законот за предруктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби...", па го цитира Службениот весник и "други претпријатија за кои постои интерес за купување од страна на стратешки инвеститор во понатамошниот текст инвеститор".

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Сега последниот став е: "Стратешки инвеститор во смисла на овој Закон е купувачот на идеален глас, а претходно во став 2 од членот дефиниравте што е било кој дел од главнината, што го определува Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата". Значи многу е широк диапазонот на претпријатија на избор на стратешки инвеститор. Буквало секое претпријатие, без разлика до кое ниво на претходна приватизација е стигнато, може да биде предмет на овој член, без разлика дали е задругар или не е задругар, без разлика дали е договарано тоа во листата со ММФ и Светската банка, или не е договарано. Буквално, можете на овој член, не велам дека вашата намера е токму тоа да го направите, меѓутоа ние говориме за текст на закон, не за вашите намери, добри или

лоши. Текстот на законот е вака како што го прочитав. Според тоа добро е да се редуцира тој и точнод а се посочи за кои претпријатија без предходен јавне повик без тендер, без обид на берза, може да си оди со непосредна спогодба. Никојпата тие исклучоци во законите стануваат потоа правила преку кои, а всушност, целиот процес оди. Тоа се ллши искуства, се согласуваме. Заота треба сега, токму во име на подобрување на текстот елиминирање на тие некакви лоши претходни искуства, да се обиедеме да направиме точна формулација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе мораме, ако подносителите на амандманот сакаат да се измени амандманот, да се доближат гледиштата, пак ке мораме да го добиеме во писмена форма аманмднаот и истиот да се подели.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Потполно во право г-динот Црвенковски, со образложението

што го даде, за жал никој, ниеден инвеститор не купува идеален дел од претпријатието кое е испод 50%. Такви нема и нема таков интерес. Според тоа вие и да сакате да го направите тоа не можете да го направите. Еве се обиедовме да го направиме тоа со телекомот. Продадовме 33%, меѓутоа, видовте дали успеа овој тендер. Сега оние кои сакаат да се јавуваат на новиот тендер бараат 51%. Според тоа практичната примена на тој закон ќе биде ако го злоупотребиме само таму каде што имаме 51% односно идеалниот дел и повеќе до 51%. Такви случаи во пракса немаме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Прво, г-дине министре изненаден сум од информацијата што ја дадовте, дека сте се обиделе да го продадете телекомот по 33%, бидејки колку што јас знам, мегународен тендер за прибирање на понуди за приватизација на македонските телекомуникации, досега не е објавен. Ниеден закон вклучително и изменетиот закон овде, тоа не ви го дава за право, бидејки овде има став каде што од овој пристап се исклучени сите јавни претпријатија во Македонија. Јас не знам кој во име на Владата кому се обиде да се продаде, кој бил можниот купувач што одбил да купи 33% и барал 51%, кога вие, процесот на приватизација на телекомот не го доведовте до таа точка каде што знаете кои ви се можните купувачи, бидејќи морате претходно да распишете мегународен тендер и тоа за такви крупни инвестиции се даваат по два месеци и се знае каде тоа се прави. Според тоа, тоа што не информиравте дека сте го правеле, излегува надвор од целокупната законска регулатива во РМ. Тоа е првата работа.

Второ, вие знаете дека има таканаречени приоритетни акции, такви акции кои немаат право да учествуваат во одлучувањето. Според тоа, не сте во право кога велите дека секој инвеститор е заинтересиран и можно е да ја оствари доминацијата во управувањето, само со 51% од акционерскиот капитал. Тоа ќе ви го објаснам со најпростиот можен пример. Вие знаете дека во Законот за трансформација на општествена сопственост, априори 15% од општествениот капита, по Законот, се даваат во сопствност во Фондот за пензиско и инвалид-ско осигурување и тоа се акции без право на одлучување. За да не разберете, да претпоставиме дека претпријатието е 100% е општествено. Значи по овој закон, односно по овој концепт се приватизираат сите 100%. 15% се препишуваат на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување. Остануваат 85% на акции кои носат управувачко право. Со 46% односно 43% се остварува доминација во управувањето и тоа е идеален дел со целосна доминација во управувачкиот процес на едно претпријатие. Ова ви го кажав како наедноставен пример да ме разберете. Можеме да правиме различни комбинации. Можеме да правиме со колкав дел има Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, колкава од тоа може да биде структурата на државниот капитал, колава може да биде на опиштествниот капитал за кој конкретно се однесува овој Закон, бидејки вториот закон се однесува за приватизација на државниот капитал и можностите што ги дава Агенцијата за санација на банки со трансформација на своите побарувања со одделни претпријатија во оснивачки влог, со дисконтите. Јас не сакав да навлезам во реплика со некои од претходните дискусии. Разлика има повмегу тоа дали се дава 50% на проценетата вредност со овој Закон и дали се дава дисконт на побарување од Агенцијата за санација на баки, бидејки тие побарувања се наплаќата од страна на Агенцијата, согланоо обврските што државата ги има за плаќање на доверителите спрема Парискиот клуб итн. Според тоа ако некој треба да ги плаќа своите обврски за период од 5 или 10 гоидни, сосема е логишно Агенцијата да понуди сисккотн, ако може да ги кешира парите веднаш. Според тоа некои од пратениците од парламентарнот мнозинство се обиде да ја изедначи таа работа. Вие добро знаете дека

тоа не е така. Меѓутоа, ке се вратиме на тоа. Значи, оваа формулација не е така како што вие велите дека е сосема разбирливо оти тоа ќе се однесува само на оние претпријатија каде што има 51% за продажба државата, било како општествен, било како државен капитал, бидејки само на тој начин може потенцијалниот стратешки инеститор да оствари доминација во управувањето. Со приемрот што ви го кажав може д апроизлезе дека 33% да оствари а ние имаме еден голем број на претпријатија кои ги сметаме за приватизирани а всушност се на нивото на 51, 52% итн. вклучително, имајќи ги предвид и акциите од Фондот за ПИО. Ова го кажав за уште еднаш да потен-цирам дека овој член дава можност се и за секое претпријатие да се подведе и да влезе овде. Ако е намерата за 12-те претприајтија што ви се договорени со ММФ, ние сме подготвени да го прилагодиме амандманот.

Го молам претседателот на Собранието да даде неповеќе од 3 минути пауза да го подготвиме амандманот, ке го повлечеме овој амандман и ке го приложиме токмо во онаа форма во која вие ја дефиниравте потребата и намерата во Законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред.

Пратеничката група на СДСМ бара пауза за да го преформулира амандманот.

Предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата заврши во 14,оо часот)

Во меѓувреме пратениците Тито Петковски, Илија Филиповски и Александар Гештаковски го повлекоа амандманот на член 38, во новиот член 86-а став 3, поднесен од пратнеиците: Бранко Црвенковски, Тито Петковски, Илија Филиповски и Алескандар Гештаковски и истиовремено поднесоа амамднан на истиот член со нова содржина, по кој Владата не се произнесе.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Пред да одговорам дали амандманот треба да се прифати или не треба да се прифати, должен сум да дадам уште едно објаснување во врска со новиот модел на приватизација со непосредна спогодба.

Со овој модел на приватизација, тоа веке е шести модел, другите пет модели и досега постоеа. Што е целта на тој последен модел додаден со новиот Закон за приватизација: таму кад ешто при-ватизацијата е во тек, а таа приватизација нема да биде успешна тоа се 156 претпријатија. Таму каде што приватизацијата сеуште не е почната може да се избере и тој модеал на приватизација. Суштината е тоа. А зошто го предлагаме тоа. Го предлагаме заради тоа што во РМ преку приватизација не влегува воопшто низ тие модели кои беа проппшани со Законот странски инвестиции. Странскиот инвеститор сака да биде далеку по сигурен. Станскиот инвеститор сак да преговара, покај претпријатието и со некои органи. Така да тој модел се применува многу ограничено. Неговата цел е да добиеме странски инвестиции. Целта негова е да се скрати постапката за приватизација. Тој модел ќе трае само два месеци, со ова. Реков целта на овој модел е, покрај другото брзо да реагираме кај 12-те загубари.

Со овој амандман кој е даден овде, така како што сега е формулиран, бидјеки таму стои "и други претпријатија се бришат" а бидаејки во други претпријатија имаме и дел на загубари кој без ЕСАФ-аранжманот односно по структурните промени треба да ги продадеме и ликвидираме, од тие причини не го прифакаме амамднанот. Амандманот е лошп формулиран.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине претседателем, почтиувани колеги, г-дине министре, ние поднесувајки го амандманот имавме намера навистина да се спречат оние шпекулации за кои вие говоревте. Тоа ке го кажам само преку две илустрации. Новинарите доста ги експлоатираат примерите околу приватизацијата, иако станува збор за државен капитал во Рафинерија, тоа е следниот закон. Не знам до крај каква е структурата на капиталот во Стоапска банка. Мегутоа факт е околу приватизацијата на Рафинеријата Валдата има преговори со една владина фирма од Грција, но пројави интерес и една приватна фирма од Грција.

За Стопанска банка денес јавноста може да прочита, исто така заинтересирани се една грчка и една словенечка банка.

Заради спречувањето на можните шпекулативни приватизации го поднесувам амандманот, тој дел што не се однесува за 12-те загубари, да се брише. Знаете, многу тешко и нема многу валидни документи со кои може ова решение да се

брни пред јавноста, ако зачестат вакви примери какви што јас ги посочив, а вероајтно има многу повеќе. И доколку има грешки во формулацијата на амандманот, ние баравме кооперативна соработка. Она што вие го кажавте во вашиот вовед по овој Закон овде, ние сакавме тоа да се обезбеди. И ништо повеќе од тоа.

Затоа се обидовме да понудиме една формуалција повенигна, која тие цеали за кој вие говоревте, да ги обезбеди. Затоа ве молам, бидејки Валдата дефинитивно од тоа не го прифака, јас ги молам колеитте пратеници да гласаат за овој амандман затоа што после ние ке бидеме ставен и во ситуација да објаснувам еза нешто што веројатно помалку отколку Владата, ке бидеме информирани за процесот на приватизација на некои многу чувствителни сектори во државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Тито Петковски.

Дали уште некој бара збор(никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

23 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

45 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Тројца пратеници се воздржани.

Констатирадм дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој деруг бара збор? (никој)

Бидјеки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да прене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

6 пратнеици се воздржани.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Минуваме на вторава точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за привазација на државниот капитал во претпријатијата, со Предлго на закон.

Предлгоот за донесување на Законто, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доствнеи односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на законот. Молам кој бара збор?

Министерот Стојменв сака да даде некои објаснувања во врска со изменување на Законот.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

И тоа е во еден континуитет. Ние вршиме измени и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал. Измената ја вршиме од следните причини:

Прво сакаме тој процес на приватизација на Државниот капитал да го заврзаме. Неме определба да имаме многу државен капитал кај нас во Македонија.

Се наметнува и потребата, бидејки овој Закон не е донесен пред Законот за трговски друштва, да се изврши усогласување на гој Закон со Законот за трговските друштва. Тоа е една од причините поради коај се донесува овој закон.

Третата работа е, со оглед на тоа што во практика се случува, голем број на претпријатија кај нас имаат проблеми со наплата на долговите према државата. И од претходната Влада и оваа Влада иамем случаи тие побарувања да се претвараат во траен влог. Ние тоа решение го озаконуваме со тој закон.

Исто така, со оглед на тоа што Државниот капитал досега не се рационално користеше. Нерационалното користење беше во тоа што со тој Закон фактички управуваше Минситерството за финансии, а Минситерството за финансии така како што е основано даваше некои предлози за претставниците на Државниот капитал. Меѓутоа, се тоа не функционираше добро и оттука прашање беше дали има контрола на упра-вувањето со тој капитал. Затоа се наметна потребата тоа прашање да се подели на два дела, прашањето на управувањето со држаниот капитал, се додека не се приватизира, стручниот дел од управувањето со приватизацијата со државниот капитал да го врши Агенцијата за приватизација, бидејки констатираме дека

Минситерството за финансии тоа не може стручно да го прави. Вториот дел, ние да донесеме законски орган кој ќе управува со тој капитал до неговата приватизација. Тој е привремен орган. Тоа е комисија за управување со државниот капитал и негова приватизација. Тоа е нов орган. Од тие причини мислиме дка тој орган ќе овозможи, се до приватизација на капиталот, порационално да се управува со тојд ржавен капитал.

Другите измени во тој Закон се пак во функција на брза приватизација на државниот капитал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој дгур бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законотза приватизација на државниот капотал во претпријатијата.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратнеици гласаа за.

Дали има некој против?

Еден пратнеик е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

70 пратеници се за.

Далиима некој против?

Нема.

Дали има некој воздршан?

Нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќиникојне бара збор, го заклучувам општиот прет-ресиотворам претрес по Предлогот на законот.

Комисијата за финансираше и буџет поднесе амандман за менувањена член 18.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2, член 3 став 1 и за спојување на членовите 12 и 13 во нов член 12,

Пратениците Бранко Црвенковски, Тито Петковски и Илија Филиповски поднесоа амандман на член 5 став 3 алинеја 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман, исто така, се согласи повереникот на

Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за спојување на членовите 12 и 13 во нов член 12, поднесен од ЗКП.

Со овојамандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандмнаот за менување на член 12 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Дали претставникот на Владата се согласува.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандмнаот на член 5 став 3 алинеја 3, поднесен од пратениците Бранко Црвенковски, Тито Петковски и Илија Филиповски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Никој.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали е некој против?

Не е.

Дали е некој воздржан.

Не е.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатиајта.

Минуваме на точка три.

Предлог за доенсување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатиајта и задругите со општествен капитал, кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвоиследниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал, кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за. Дали има некој против? Нема.

Дали е некој воздржан. Никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? 72 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? Нема.

Дали има воздржани. Нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 8 став 2, член 12 став 1 и за менување на член 14, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот и Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поденсе амандмани за спојување на членовите 2,3 и 4 во нов член 2, на член 5 и за бришеше на член 7.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман за менување на член 1.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1,поднесен од Комисијата за земјоделство, водостопанство и шумарство. Со овој амандман се согласил пвоереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Дали може да бидеме малку по рационални и сите амандмани да се прифатат кои што се предложени.

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за спојување на членовите 2,3 и 4 во нов член 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандмнаот на член 5, поднесен од ЗПК Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам повторно претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7,поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Што мисли претставникот на Владата?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали е некој воздржан.

Нема.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал, кои стопанисуваат соземјоделско земјиште.

Почитувани колеги, дами и господа пратеници, бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Осумнаесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Во исто време ја користам можноста да Ви ги честитам претстојните Првомајски празници и навистина, бидејки Деветнаесеттата седница на Собранието е закажана во новите простории, ќе ја одржиме правата точка на дневниот ред, можеби и на посебна седница ќе бидат пратеничките прашања. Подгответе се сите членови на Владата ќе гледам да ги обезбедам за таа седница.

Благодарам.

(Седницата заврши во 14,20 часот).